# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток Март 2024 година Број 4/2024 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |


Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02), и врз основа на член 53 и член 55 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Претседателот на Советот на општина Радовиш, свикува итна седница на Совет на ден 21.03.2024 год. во 08:30 часот:

**Образложение**

Итна 46 –та седница на Совет на Општина Радовиш се свикува со цел да се донесе Одлука за прифаќање донација – Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity), Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација), согласно склучен Меморандум за разбирање за проектот за градење капацитети и развој на противпожарната служба на општина Радовиш бр. 09-1773/1 од 07.12.2023 година, и допис бр. 09-519/2 од 15.03.2024 година, а во врска со Програма за активностите на општина Радовиш во областа на заштита и спасување, противпожарна заштита и месна самоуправа бр. 08-1818/2 од 18.12.2023 година

Поради исплата на финансиски средства за покривање на транспортни трошоци, гориво и други трошоци за испорака на противпожарно возило, согласно склучен Меморандум за разбирање за проектот за градење капацитети и развој на противпожарната служба на општина Радовиш бр. 09-1773/1 од 07.12.2023 година, и допис бр. 09-519/2 од 15.03.2024 година.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 46-та седница на
Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прогласување итност на 46-та седница на Советот на Општина Радовиш, бр.08-537/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 21.03.2024 година.

Број 09-537/2 Градоначалник
Дата 21.03.2024 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на итна XLVI седница одржана на 21.03.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на
46-та седница на
Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 46-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 21.03.2024 година со цел донесување на Одлука за прифаќање донација–Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity) Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација).

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-537/1 Совет на општина Радовиш
Дата 21.03.2024 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за прифаќање донациј–
Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity)
Операција Флоријан
(Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација)

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прифаќање донација – Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity)Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација) , бр.08-537/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 21.03.2024 година.

Број 09-538/2 Градоначалник
Дата 21.03.2024 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, согласно склучен Меморандум за разбирање за проектот за градење капацитети и развој на противпожарната служба на општина Радовиш бр. 09-1773/1 од 07.12.2023 година, и допис бр. 09-519/2 од 15.03.2024 година, а согласно Програма за активностите на општина Радовиш во областа на заштита и спасување, противпожарна заштита и месна самоуправа бр. 08-1818/2 од 18.12.2023 година

Советот на општина Радовиш на XLVI седница одржана на 21.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За прифаќање донација –**
**Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity)**
**Операција Флоријан**
**(Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација)**

**Член 1**

**Општина Радовиш ја прифаќа донацијата** – Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY, прва регистрација октомври 2001 година, и поминати километри 50.000 милји (приближно), од Operation Florien (Опрерација Флоријан ДОО, Обединетото Кралство).

**Член 2**

**Се одобрува** исплата на финансиски средства во висина од 14.000 Евра на Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација), согласно точка 9. Трошоци за донација на возило од Англија од Програма за активностите на општина Радовиш во областа на заштита и спасување, противпожарна заштита и месна самоуправа бр. 08-1818/2 од 18.12.2023 година за покривање на транспортни трошоци, гориво и други трошоци за испорака на противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY, донација од Operation Florien (Опрерација Флоријан ДОО, Обединетото Кралство).

**Член 3**

Градоначалникот на општина Радовиш се овластува да го потпише договорот за донација со Опрерација Флоријан и да ги преземе активностите до ставање во функција.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-538/1 Совет на општина Радовиш
Дата 21.03.2024 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Содржина:

-Образложение---------------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 46-та седница на Советот на Општина Радовиш----1
-Одлука за прогласување итност на 46-та седница на Советот на Општина Радовиш-----2
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донациј Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity) Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација) -------------------------------------2
-Одлука за прифаќање донациј Противпожарно возило Volvo (Волво), модел ФЛ 6, регистрација HX51 NRY од Operation Florien (Fire and Rescue Service Humanitarian Charity) Операција Флоријан (Противпожарна служба и хуманитарна добротворна организација)---------------------------------------2